Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 11/2018 и Сл.весник на РСМ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), Секретарот на Општина Македонски Брод ја донесе следната:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Бр. 04-102/10
02. 07. 2024 год.
Македонски Брод

# ОДЛУКА

за избор на кандидат за вработување на административен службеник
по јавен оглас

1. По објавениот јавен оглас бр. 75/2024 за вработување на административен службеник на работно место: УПР 0101Г01000 – Самостоен референт - Сметководител, во Одделение за финансиски прашања, Сектор за правни, општи работи, јавни дејности, администрирање на приходи и финанскиски прашања во Општина Македонски Брод, се избира кандидатот

- **Добре Апостолоски**, со идентификациски код 764А232.

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 на оваа Одлука по конечноста на Одлуката.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## Образложение

На ден 13.01.2024 година во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Лајм и на интернет страницата на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас бр.75/2024 за вработување на административен службеник во Општина Македонски Брод.

Со Решение бр.10-49/3 од 31.01.2024 година донесено од страна на Агенцијата за администрација е формирана Комисија за селекција за вработување по јавен оглас и Решение за изменување и дополнување бр.10-49/5 од 13.02.2024 година, која на ден 01.02.2024 година спроведе административна селекција за административен службеник, Записник бр.10-49/4 од 01.02.2024 година.

На ден 14.02.2024 година се спроведе испитот за административен службеник, Записник бр.10-49/6 од 14.02.2024 година, а проверката на веродостојноста на доказите и интервју се спроведе на ден 26.06.2024 година, Записник бр.10-49/11 од 26.06.2024 година.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, Комисијата за селекција по јавен оглас изготви Конечна ранг листа на кандидати и Предлог на кандидат за вработување бр.10-49/13 од 26.06.2024 година, кои беа доставени до Секретарот на Општина Македонски Брод за понатамошно постапување.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Изработил: Даниела Ѓурчиноски
Контролирал:Лубе Батанџиоски

Доставено до:
- Кандидатот
- Одд. за управ. со чов.ресурси
- Агенција за администрација

Секретар на
Општина Македонски Брод
Зоран Новески

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД